Врз основа на член 21 од Правилникот за утврдување на цени за топлинска енергија и системски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.225/23 и 153/24), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со отпад на Република Северна Македонија го објавува следното

**ИЗВЕСТУВАЊЕ**

Се известуваат сите заинтересирани правни и физички лица дека Друштвото за снабдување со пареа и топла вода Енерџи Еколинк АД - Скопје, на ден 27.05.2026 година до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија поднесе Барање за одобрување на максимален регулиран приход и цена за регулирани дејности производство, дистрибуција и снабдување со топлинска енергија за 2026 година, заведено во архивата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги под број УП1 бр.08-235/26.
Со поднесеното Барање, Друштвото за снабдување со пареа и топла вода Енерџи Еколинк АД - Скопје бара максималниот регулиран приход за вршење на дејностите производство, дистрибуција и снабдување со топлинска енергија за 2026 година, да изнесува:

| Опис | ед.мерка | 2026 |
|---|---|---|
| **Регулиран максимален приход на годишно ниво** | **денари** | **102.014.757** |
| **Количина на испорачана топлинска енергија** | **kWh** | **8.250.223** |
| **Просечна цена** | **ден/kWh** | **12,37** |
| **Процент на зголемување во споредба со постојната просечна цена** | **%** | **73,85** |

Заинтересираните правни и физички лица, мислењата и предлозите во врска со објавеното Барање може да ги достават најдоцна до 12.06.2026 година, до 12.00 часот во Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, преку:

- Е-пошта: erc@erc.org.mk
- Факс: 02/ 32 33 586
- Адреса: Ул. Македонија бр. 25, палата Лазар Поп-Трајков - 6ти спрат, 1000 Скопје

**Скопје, 08.06.2026 година**
**УП1 бр. 08-235/26**

**РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА,
ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**